ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУАЊЕ СО КРИЗИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ЗА 2021 ГОДИНА

Дел. Бр. ______________________

Љупчо Арминоски
[име и презиме]

Датум: ______________________

**в.д.** Раководител на Сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор
Овластен раководител на Сектор за правни,општи работи и инспекциски надзор

Место: ______________________ (м.п.) ______________________
[потпис]

**Резиме**

Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи за 2021 година е сочинет согласно насоките и барањата на Правилникот за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.238/19).

Анализа на ризици, управувањето со ризик е процес кој ги вклучува различните активности како утврдување, проценка, приоритизирање на ризиците, спроведување и проверка на олеснителните или корективните активности, стратешки цели и оперативни цели.

Организациската структура е поставена како што следи, Раководител на Одделение , Раководител на Сектор за правни,општи работи и инспекциски надзор и Директор на Центарот за управување со кризи

Инспекциски надзори во 2021 година се предвидени 100 и сите се редовни.

Обука на инспекторите и админстративните службеници ќе ги организира ИС.

Буџет и финансирањето е во склоп на ЦУК

Меѓународна соработка е во склоп на ЦУК.

Други активности на инспекциската служба Активностите на одделението за инспекциски надзор и сите останати активности се во склопот на Центарот за управување со кризи освен инспекциските надзори.

**2. Анализа на ризици**

Управувањето со ризици е законска обврска и неопходен елемент на доброто управување.

Управувањето со ризик е процес кој ги вклучува различните активности како утврдување, проценка, приоритизирање на ризиците, спроведување и проверка на олеснителните или корективните активности, како и претходно планирање и контрола.

Концептуално, процесот на управувањето со ризици се состои од следниве чекори на моделот на општото управување со ризикот, кои се наменети за да се обезбеди заеднички пристап во управувањето со ризикот.

Соодветното управување со ризици е од извонредна важност за Одделението за инспекциски надзор (во натамошниот текст:Инспекцискиот надзор) и за неговата способност за извршување на доделените функции.

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот.

Појдовна точка за управувањето со ризиците е јасното разбирање за тоа што Центарот сака да постигне. Управувањето со ризиците е управување со заканите кои можат да го попречат остварувањето на целите и максимизирање на можностите кои ќе помогнат за остварување на целите. Поради тоа ефикасното управување со ризиците треба да биде насочено кон стратешките и оперативните цели.

Основен предуслов за управување со ризиците, е постоењето на цели. Целта е резултатот кој Центарот сака да го постигне, односно посакувана идна состојба чија реализација се очекува во одреден период.

Врз основа на утврдените цели, раководството ги разгледува настаните кои може да го загрозат остварувањето на целите и да ги преземат конкретните активности за управување со ризиците. Заради тоа, важно е целите да се јасни и недвосмислени.

Целите може да бидат поделени на различни начини, а една од поделбите може да биде на стратешките цели и оперативните цели поврзани со програмите, оперативните планови за работа и процесите на работење:

- Стратешки цели - се изведуваат од мисијата на Центарот и се поставуваат во текот на процесот на стратешко планирање. Овие цели се поставуваат за период од неколку години (обично 3-5).

- Оперативни цели - овие цели се краткорочни (обично за една година, по што тие се ажурираат) и се конкретни. (системски ги операционализираат и произлегуваат од стратешките цели).Тие се содржани во рамките на програмите, проектите, оперативните планови, како дел од работните процеси.

Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок.

По утврдувањето на Инспекцискиот надзор на предметите подложни на инспекциски надзор, следен чекор во процесот е утврдување на специфичните ризици.

Целта е инспекцискиот надзор да се здобие со детално разбирање на ризиците со кои се соочува субјектот, како и нивното потенцијално влијание и веројатност,

Ова знаење треба да биде искористено при бодувањето на општите фактори на ризик и одбирањето на предметот на инспекциски надзор.

Идентификувањето на главните ризици може да сугерира на измена во начинот на кој инспекцискиот надзор е категоризиран. Од оваа причина идентификувањето на ризиците и категоризирањето на инспекцискиот надзор може да бидат спроведени во исто време или на интерактивен начин.

Категориите кои се користени за инспекциски надзор, исто така, може да бидат корисни при размена на идеите (brainstorming-a) во врска со можните настани.

Утврдувањето и проценката на ризиците (бодирање на влијанието и веројатноста) треба да се спроведе во две фази.

Причина за ова е тоа што ПРВАТА ФАЗА (идентификацијата на ризиците) е многу слична на "размена на идеи" односно т.н brainstorming, во која целта е да се опфатат сите ризици.

Меѓутоа, ВТОРАТА ФАЗА се однесува на примена на реалистични судови во врска со важноста и веројатноста на утврдените ризици.

Може да биде комплицирано комбинирањето на овие два различни начини на размислување за ризикот.

Начинот на утврдување на настаните ќе биде различен доколку раководството веќе има процес на управување со ризиците во субјектот кој ги идентификува настаните и ги проценува ризиците.

Доколку во субјектот е воспоставен процес на управување со ризици инспекцискиот надзор треба:

да ги испита регистрите на ризици со што би ги разбрала настаните кои раководителите ги утврдиле , а потоа да ги анализира истите за да утврди дали проценката на ризиците ги утврдила сите клучни ризици;

да го анализира начинот на кој раководството ги бодувало настаните и активностите кои се воспоставени со што би се одговорило на клучните ризици;

да ја земе во предвид ефективноста на активностите за ублажување на ризиците во смисла на нивно влијание на резидуалните ризици; и

да ги утврди високите нивоа на резудуални ризици кои треба да бидат пресметани/вклучени во стратешките и годишните работни планови.

Проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба.

Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик, која ја донесува раководителот на инспекциската служба од член 26, став (1), точки 1) и 2), по претходно мислење на Советот за усогласеност со актот од став (9) на овој член.

Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на месечните планови за работа на инспекциската служба.

Проценката на ризикот, се врши преку:

- идентификување на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животната средина и здравјето на луѓето, кои може да се случат како последица од работата на субјектот на надзор и проценка на тежината на штетните последици и веројатноста за нивно случување.

Тежината на штетните последици, се проценува врз основа на:

- природата на штетните последици која произлегува од видот на дејноста на субјектот на инспекциски надзор и/или од карактеристиките на производот кој се става на пазарот односно услугата која се дава од страна на субјектот на инспекциски надзор и

- обемот на штетните последици, кој произлегува од опфатот на корисници на производот односно услугата која се дава од страна на субјектот на инспекциски надзор;

Веројатноста на случување на штетни последици се проценува врз основа на:

- претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување;

- стандарди и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор;

- системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор;

- состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област и внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор;

Елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик, со акт ги пропишува Советот.

 При анализа на очекувана состојба во областа на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците за неприменување на Законот за управување со кризи и другите подзаконски акти се доаѓа до проценка дека веројатноста за настанување на ризикот со веројатност на среден ризик, бидејќи до ризик може да настане доколку се појават:

- Погрешни податоци при подготвување на годишниот план од страна на Одделението за инспекциски надзор

- Ненавремена подготовка на годишниот план согласно законскиот рок,

- Ненавремена достава до инпекциски совет,

- Погрешни податоци, т.е несовпаѓање на податоците при подготовка на месчните планови за работа на испекторите со Годишниот план.

- Ненавремена подготовка и достава на месечните планови за работа на инскпекторите до Инспекцискиот совет на разгледување,

- Ненавремена подготовка на месечен план заработа на инспекторите,

 Претпоставката дека јавувањето на ризикот е со веројатност на среден ризик се базира на статистиките за досега извршени инспекции и изведени заклучоци од записниците на инспекторите за извршени редовни и вонредни инспекции и од нивните месечни извештаи до Инспекциски совет.

Постоечката анализа на ризик базира на претпоставки од претходно извршени надзори, како и на податоци кои се прибирани во текот на 2018, 2019 и 2020 година врз основа на извештаи и анализа на записници од контрола на субјекти. Критериумите на дефинирањето на ризичните подрачја се: број на идентификувани наоди во областа, висина на казни, фрекфенција на повторување на прекршоците кај субјектите на надзор, влијание на прекршувањето и евентуалните штетни последици по здравјето на луѓето и животната средина. Ризични области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во 2020 година, а согласно надлежностите на инспекторите кои произлегуваат од Законот за управување со кризи, како и важечката подзаконска регулатива, а согласно претходно утврдените критериуми за утврдување на ризиците се следните:

 област - утврдување работно место за подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба ;

 област - заштита и спасување на вработените материјалните добра и остварување на последици од кризна состојба;

 област - процена на ризици и опасности на локално ниво, утврдување на потребите и планирање на ресурсите.

Ставовите на Инспекцискиот надзор кон ризиците се:

 сите активности кои ги спроведува Инспекцискиот надзор мара да бидат во согласност со целите на Инспекцискиот надзор), а не спротивни на нив,

 сите активности во секој момент ќе бидат во согласност со барањата на законодавната рамка,

 сите активности кои носат ризик од значаен штетен публицитет или друга штета за угледот на Инспекцискиот надзор ќе се избегнуваат,

сите активности мора да резултираат со придобивки кои претставуваат вредност за парите и

сите активности и со нив поврзаните финансиски издатоци мора да бидат опфатени со финансискиот план (решението за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет) на Центарот за управување со кризи во кои рамки се наоѓа и Одделението за Инспекциски надзор,

Дефинирањето на ризичните области се базира на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори врз основа на видот на дејноста субјектот, како и лицата вклучени во вршење на дејноста.

## 3.Организација и раководење

Одделението за инспекциски надзор е во склоп на Секторот за правни,општи работи и инспекциски надзор при Центарот за управување на кризи.

Со Центарот за управување со кризи раководи директор назначен од Владата на Република Северна Македонија.

Неговите надлежности во рамките на Одделението за инспекцискиот надзор согласно Законот за управување со кризи го опфаќа следното:

- Го претставува и застапува;

- Обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор;

- Обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите;

Со Секторот раководи лице со решение, за вршител на должност Раководител на Сектор за правни и општи работи, инспекциски надзор.

Со Одделението за инспекциски надзор раководи лице со решение, за вршител на должност Раководител на Одделение со инспекциски надзор>.

**Раководителот на Секторот за правни, општи работи и инспекциски надзор**:

- Ја координира и организира работата;

- Проверува, дава согласност и го одобрува Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор,

- Проверува, дава согласаност и го одобрува Месчниот план за работа на инспекторите за управување со кризи,

- Проверува, дава согласност и го одобрува Известувањето за вршење на инспекциски надзор,

- Проверува, дава согласност и го одобрува извештаијте за работа на Одделението за инспекциски надзор за претходните шест месеци и други работи на Одделението за инспекциски надзор,

- Прегледува, дава согласност и го одобрува Образецот за оценување на учинок на инспекторите за управување со кризи,

- Прегледува, дава согласност и ја одобрува Програма за обука на инспекторите за управување со кризи.

- Донесува програмски и извештајни документи, вклучително:

- стратешки план на Одделението,

**Раководителот на Одделенитето за инспекциски надзор:**

- Подготвува Годишен план за работа на Одделенито за инспекциски надзор,

- Подготвува Месечен план и Чек листи за работа на Одделенито за инспекциски надзор,

- Ги доставува Месечните планови и Чек листите до ИС по електронски пат,

- Ги проверува Известувањата за вршење на инспекциски надзор,

- Изгтвува Шесто месечни извештај,

- Изготвува Годишен извештај

- Изготвува Програм за обука на инспекторите за управување со кризи

## Бројот и структурата на вработените ќе биде променета во Годишнот План за 2021 година.

| Име и презиме | Звање и назив на работно место | Степен на образование | Години на старост |
|---|---|---|---|
| Коста Димитров | Советник инспектор ( В1 ) | VII-1 | 58 |
| Драгомир Митев | Советник инспектор ( В1 ) | VII-1 | 57 |

*Инспекторот Коста Димитров оди во пензија во 20221 година и само еден инспектор ќе врши инспекциски надзори, , а вработен е помлад инспектор/кандидат инспектор во 2020 година сега е на обука за полагање на инспектор.*

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање во одделението за инспекциски надзор во ЦУК.*

| Вид | Инспектор за упавување со кризи | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| В1 – советник инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања во одделението за инспекциски надзор во текот на 2021 година не се планирани нови вработувања, пензионирања ќе има еден инспектор ќе се пензионира.*

| Вид | Инспектор за управување со кризи | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |

Пензионирања во овој период ќе има еден инспектор ке се пензионира, а вработен е  помлад инспектор/кандидат инспектор во 2020 година моментално е на обука за помлад инспектор.

**4.Инспекциски надзор**

Процесот на вршење на инспекциски надзор во субјектите од системот за управување со кризи ( во понатомошниот текст на СУК ) во Република Северна Македонија се врши врз основа и согласно Годишниот план за работа на инспекторите на Одделението за инспекциски надзор, за деловната година. Годишниот план се подготвува од страна на Одделението за инспекциски надзор, односно раководителот на Одделението за инспекциски надзор, се разгледува од страна раководителот на Секторот за правни, општи работи и инспекциски надзор, Годишниот план за работа на инспекциската служба од член 26 на овој закон на ИС, го донесува директорот односно раководителот на инспекциската служба, најдоцна до крајот на тековната, за наредната година, кој се објавува на веб страницата на инспекциската служба. Годишниот план од став (1) на овој член 33, за работата на инспекциската служба од член 26, став (1), точки 1) и 2) на овој закон, најдоцна до 15 ноември се доставува до Советот, во електронска и хартиена форма. Советот дава писмена согласност на Годишниот план од ставот (2) на овој член, најдоцна до 15 декември. Врз основа на Годишниот план за работа на инспекциската служба, директорот односно раководителот на инспекциската служба од член 26 на овој закон, најдоцна до почетокот на месецот, донесува месечен план за работа на секој инспектор, се доставува до Советот, за информирање, во електронска форма. Доколку за вршење на испекциски надзор е потребно издавање на патен налог , тогаш раководителот на Секторот за правни, општи работи и инспекциски надзор ( за инспекторите сместени во ЦУК ). Зависно од планираниот месечен план, од страна на предметно определениот инспектор се преземат сите законски дејствија предвидени со Законот за управување со кризи и Законот за инспекциски надзор за спроведување и реализирање на инспекцискиот надзор. Предметно определениот инспектор , зависно од видот и карактерот на инспекцискиот надзор, изготвува Известување за вршење на инспекциски надзор до одговорното лице на субјектот на надзор, за датум и време, како и за законскиот основ за вршење на надзорот и истиот, преку раководителот на Одделението за инспекциски надзор, го доставува на одобрување до раководителот на сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор и на потпис кај директорот. Известувањето за вршрње на редовен инспекциски надзор до субјектот на надзор се доставува до секој субјект поединечно, преку пошта или директно во пиарница на субјектот, во рок од 15 ( петнаесет ) дена, но не покасно од 8 ( осум ) дена пред датумот утврден за вршење испекциски надзор. За вршење на вонреден инспекциски надзор, субјектот на надзор може да биде известен за датум и време, како и за законски основ за вршење надзорот и преку телефонски контакт со неговиот застапник / овластено службено лице. При вршење на инспекциски надзор, инспекторот се обврзува со себе да ја носи службената легитимација и пред започнување на службените дејствија на надзорот, инспекторот се легитимира пред службеното лице на субјектот на надзор и го запознава со видот, целта и предметот на инспекцискиот надзор.При вршење на инспекцискиот надзор и превземање на службени дејствија во постапката, инспекторот е должен да се придржува и да постапува согласно своите законски надлежности и овластувања. Во вршењето на надзорот инспекторот е должен на субјектот каде се врши надзорот да дава помош во спровсдувањето на законите и другите прописи од областа на управување со кризи. При вршење на инспекциски надзор и увид во податоци од класифициран карактер,

инспекторот е должен да се придржува и да постапува во согласност и според видот и обемот на безбедосниот сертфикат кој го поседува и да ја чува тајноста на класифицираните информации. Инспекторот е должен да се придржува и до нормите и одредбите на Етичкиот кодекс за државни службеници и Етичкиот кодекс за инспекторите. Во постапката за вршење инспекциски надзор, по завршувањето на инспекцискиот надзор , инспекторот изготвува Записник од извршен инспекциски надзор кој го птпишуваат инспекторот и субјектот на надзор.На субјектот на надзорот му се предава примерок на записникот. Копија од записникот му се предава и на Директорот на Центарот. Во записникот се внесува констатираната состојба и зависно од утврдената фактичка состојба се преземат содветни дејствија предвидени со закон односно се предлагаат мерки за остранување на недостатоците и неправилностите преку донесување содветни акти решеније со опомена. Инспекторот решенито ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 8 дена од завешувањето на надзорот и ќе достави до инспектираниот субјект. Во спроведување на контролен инспекциски надзор учествува предметниот испектор кој го извршил инспекцискиот надзор и го донел решението. Во случај на спреченост и неможност , контролниот инспекциски надзор да го изврши предметно определениот инспектор, раководителот на Сектор, на предлог на раководителот на Одделението за инспекциски надзор, ќе определи друг инспектор да го изврши контролниот инспекциски надзор. Раководителот на Одделението изготвува два Шесто месечни извештаји првиот се доставува до ИС најкасно до 15 јули за периодот јануари - јуни и вториот до 15 јануари за периодот јули – декември, кои што ги проверува раководителот на Сектор кои што ги потпишува.

Имено како што е погоре изнесено временскиот период на подготовка и доставување на инспекциската документација согласно планот би ја образложиле на следниов начин:

-Подготвување и разгледување на Годишен план и негова достава и мислење до ИС најдоцна до 15 ноември во тековната година за наредната година,
- Донесување на Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор,
- Подготовка на Месечен план најдоцна до почетокот на месецот, донесува месечен план за работа на секој инспектор по електронски пат до ИС се доставува за информирање,
- Потпишување Налог за службено патување за спроведување и реализација на инспекцискиот надзор,
- Преземање на сите законски дејствија за спроведувања и реализација на инспекциските надзори,
- Изготвување на Известување за вршење на инспекциски надзор за одговорното лице на субјектот на надзор, за датум и време, како и за законски основ за вршење на надзор
- Легитимирање пред службеното лице на субјектот на надзорот и запознавање со видот, целта и предметот на надзорот,
- Надлежност при превземање на службените дејствија во постапката на инспекциски надзор,
- Изготвување , потпишување на Записник од извршен инспекциски надзор и предавање на копија од истиот до Директорот на ЦУК,
- Донесување на содветни акти, решенија или записник и нивна достава до Раковоителот на Одделението за инспекциски надзор, во рок од осум дена од завршување на надзорот,
- Заверување и достава на актите до инспектираниот субјект,

- Изготовка на шесто месечни извештај на Одделението за инспекциски надзор,
- Изготвување и водење на статистичка евиденција за субјектите кои се вршени инспекциски надзори,

Во овој дел ќе се прикажат информации за очекуван број на неправилности и планиран број на инспекциски надзори ( 100 ), со образложение во врска со анализа на ризици што пдатоците ќе бидат прикажани во табеларен преглед во форма како во Табела 3.

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2021 година, по региони и општини не се предвидуваат неправилности во текот на годината.*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 17 | 0 | 0 | 17 | 0 |
| 1 | Велес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Градско | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 6 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| 5 | Лозово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 7 | Росоман | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 9 | Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Источен регион | 15 | 0 | 0 | 15 | 0 |
| 10 | Берово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Виница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 19 | Чешиново | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 20 | Штип | 9 | 0 | 0 | 9 | 0 |
| | Југозападен регион | 9 | 0 | 0 | 9 | 0 |
| 21 | Вевчани | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 22 | Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 26 | Охрид | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 12 | 0 | 0 | 12 | 0 |
| 30 | Богданци | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 31 | Босилово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 33 | Василево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 35 | Дојран | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 36 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 39 | Струмица | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| | Пелагониски регион | 9 | 0 | 0 | 9 | 0 |
| 40 | Битола | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 44 | Крушево | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 45 | Могила | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 46 | Новаци | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 47 | Прилеп | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 48 | Ресен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 49 | Боговиње | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Бревеница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 53 | Желино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Североисточен регион | 15 | 0 | 0 | 15 | 0 |
| 58 | Кратово | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 60 | Куманово | 6 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| 61 | Липково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 62 | Ранковце | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| | Скопски регион | 23 | 0 | 0 | 23 | 0 |
| 64 | Аеродром | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | 4 | 0 | 0 | 4 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 73 | Петровец | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 74 | Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Центар | 7 | 0 | 0 | 7 | 0 |
| 78 | Чаир | 6 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | 100 | 0 | | 100 | 0 |

**5. Обука на инспекторите и админстративните службеници**

Обуките на инспекторите да послужат за подобро  извршување  на работата за поуспешно самостојно извршување на работните задачи,  развивање на повисоко ниво на знаење, вештини и однесување при извршување на инспекциски надзор. Ќе може да се изврши целосна контрола во инплементирањето на материјалните закони во практиката доверени во надлежност на инспекторите за управување со кризи . Применуваќи при тоа содветни процедури пропишани со пропратните прописи. Едукација на инспекторите за управување со кризи во врска со практична примена во врска спечифичностите произлезени од Законот за инспекциски надзор. Со што ќе овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој.

Посебни цели во обуките вклучуваат:

-Стекнување знаење за новитетите во општата законска рамка за инспекциски надзор.

- Унапредување на вештините за професионално однесување.

- Изградба на личниот интигритет на инспекторот.

- Подобрување на вештините поврзани со инспекциски надзор.

Со реализацијата на обуките ќе се обезбедат инспекторите да се стекнат со нови современи знаења и вештини, кои се од суштенсвени значења за нивната работа и значително ќе придонесат за подобрувања на меѓусебна соработка и комуникација. Во тековната година Одделението за инспекциски надзор ќе опфати три теми за обука и тоа:

**1.Законодавство**

1.1.- начела и организација ,права, обврски и овластувања на инспекторите ( Закон за инспекциски надзор ) 6 часа предавања / вежби

- Општи одреби,

- Основни начела на инспекциски надзор.

- Статус, надлежности и работење на Инспекцискиот совет,

- Организација и раководење со инспекциските служби,

- Следење на работата на инспекциските служби,

- Статус и вработување на инспектор,

- Лиценца за инспектор,

- Права и обврски на инспектор,

- Учинок на инспектор

**2. Инспекциски надзор ( закон за инспекциски надзор и Упатсво за начинот на спроведување на инспекциски надзор ) 12 часа предавање / вежби**

- Права и обврски на субјектот на инспекциски надзор при вршење инспекциски надзор,

- Прекршочни одредби,

- Планирање инспекциски надзор,

Одредување на опфат на надзорот,

Подготовка на документи,

Проверка на постоечки податоци,

Потешки инспекциски надзори,

Претходна најава,

Неутралност и независност,

-Спроведување на инспекциски надзор,

Иницијален состанок,

Користење на простории за време на надзор,

Наодна состоја и донесување на инспекциски акти,

Набљудувања и интервјуа,

Листи за проверка,

Попречувања на надзорот,

Фотографии и примероци,

Пристап до документи,

Одземање на предмети,

Инспекциски мерки, инвестување на други институции,

Записник,

-Затварање и документирање на инспекциски надзор,

Завршен состанок,

Доставување на останата документација,

Коментари на субјектот по записник,

Завршување на теренска посета,

Печатена евиденција,

Електронска база на податоци,

Планирање на контролен инспекциски надзор,

Известување на други институции,

Подшка за жалби и тужби,

**3. Начело и организација, постапки, одговорност и санкции ( Закон за прекршоци ) 6 часа предавања / вежби**

- Основни одредби,
- Општи одредби,
- Значе на изразите во Законот за прекршоци,
- Прекршочна постапка,
- Забрзани постапки,
- Постапки за порамнување и спогодување,
- Прекршочна постапка пред пред прекшочен орган,
- Прекршок и прекшочна одговорност,
- Прекршочни санкции за полнолетни сторители,
- Прекршочни санкции за правни лица и трговец поединец,
- Застареност,

Финансирањето на обуките ќе се организира со сретства од Буџетот на Република Северна Македонија , наменски предвидени и распределени во буџетот на Инспекциски совет, обуките ќе трат четири дена и ќе бидат организирани од ИС.

**6.Буџет и финансирање**

Финансирањето на спроведување на Годишната програма ќе се организира со сретства од Буџетот на Република Северна Македонија, наменски распоредени во буџетот на Центарот за управување со кризи.

За Одделението за инспекциски надзор за тековната година предвинени се од буџетот на ЦУК 100000 денари кои ќе се користат за :

- Гориво,
- Патарини,
- Ноќевања,
- Канцелариски материјали,
- Мобилни телефони,

Платите се предвидени на инспекторите за управување со кризи во Буџетот на Центарот за управување со кризи.

**7.Меѓународна соработка**

Одделението за инспекциски надзор нема соработка со меѓународни институции.

**8.Други активности на инспекциската служба**

Потребно е да се напомене дека инспекторите покрај редовните обврски за покривање на теренот за кој се определени, дополнително вршат и други работни задачи во рамките на Центарот за управување со кризи како и:

-Работна група за давање мислење и согласност по оперативни планови од субјектите во системот за управување со кризи,

-Архивско работење ( деловодна книга Уп1 и Уп2, архивски знаци, архивирање и чување на списи, планови и програми за инспекциски надзор, анализи, информации и извештаи од инспекциски надзори, записници, решенија, предлог мерки и преписки ),

-Комисија за спроведување на оценувањето на админстративни службеници,

-Инспекторите за управување со кризи сите акти, планови, извештаии до ИС сами ги изработуваат.